РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр УП-1-10-14
01.06.2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Центар за климатски промени, Бул. 8-ми Септември бр. 4-3/10, Скопје со број УП-1-10-14 од 09.05.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 31.05.2023 го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Центар за климатски промени, Бул. 8-ми Септември бр. 4-3/10, Скопје, заверено под број УП-1-10-14 од 09.05.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен, **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Центар за економски анализи, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 09.05.2023 година заверено под број УП-1-10-14 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација:

Просечна надморска висина на Општината, број на утврдени природни непогоди, комисија за процената и утврдување на висина на штетата настаната од природни непогоди, број на барања за надомест на штета, човечки жртви при природни непогоди во Општината, збирните извештаи за проценети кои комисиите при елементарни непогоди изготвиле, оштетена инфраструктура како резултат на случена природна непогода, утврдени проблеми со локалните патишта предизвикани од поплави и поројни дождови, мерки за спречување на природни непогоди, тим/единица на територијата на Општината за справување со природни непогоди, планови за справување со ризици од природни катастрофи, како Општината го следи спроведувањето на мерките од плановите за справување со ризици од катастрофи, дали Општината се соочува со проблеми со финансиски средства за спроведување на мерките од ризици од катастрофи, дали Општината се соочува со проблеми со човечки капацитети за спроведување на мерките за справување со ризици од прирдни катастрофи во период од 2003 до 2023 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното:

Во врска за надморска висина на општината објавена е на официјаната веб страна Географска положба – Општина Ресен (resen.gov.mk), во прилог Ви доставуваме Комисија за проценка по години, исто така во прилог Ви доставуваме одговор од Комисијата за процена и утврдување на висина на штета од природни непогоди, Февруари 2015 година имаше поплава

од поројни дождови на дел од територијата на подрачјето на Општината, немаше оштета на канализациона мрежа и инфраструктура на локални патишта. Мерките за спречување на природни непогоди се објавени на веб страната на Општината во делот Службени Гласници по години Службен Гласник – Општина Ресен (resen.gov.mk), нема тим/единица за справување со природни непогоди. Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на територија на Општина Ресен е објавен на веб страната Сектор за животна средина – Општина Ресен (resen.gov.mk), Општина Ресен не се соочува со финансиски средства исто така Општината не се соочува со човечки капацитети при природни катастрофи.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН